**Групацијата Copin зема учество во III Конгрес на геолозите на Македонија**

Во периодот од 30 септември до 2 октомври 2016 година, во Струмица се одржа III Конгрес на геолозите на Македонија, чијшто организатор беше Македонското геолошко друштво. Во работата на Конгресот учествуваа повеќе од 150 претставници од Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија и други земји.

Групацијата Copin беше застапена од следниве специјалисти:

- Генадиј Сичов – заменик претседател на Copper Investments,
- Бошко Сибиновски – директор на Sardich MC,
- Дмитро Сироштан – главен геолог на Copper Investments,
- Кирил Јованов – главен геолог на Sardich MC.

Групацијата Copin презентираше два реферата:

1. Нови податоци за кајнозојскиот вулканизам и рудна минерализација на долината на река Петрошница, СЗ дел на Кратовско-Злетовската вулканска област, Република Македонија.
2. Рударски комплекс Казандол.

Рефератот „Рударски комплекс Казандол" побуди голем интерес кај многумината присутни учесници. Во текот на презентацијата специјалисти од Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија активно се интересираа со историјата на развојот на овој проект, тековната состојба и натамошните перспективи. Низа специјалисти изразија желба да го посетат наоѓалиштето и да се запознаат со него на лице место.

Во текот на работата на Конгресот, компанијата Sardich MC доби благодарност од името на Македонското геолошко друштво за поддршката во организацијата и спроведувањето на III Конгрес на геолозите на Македонија.



**Фото 1.** Претставници на групацијата Copin на отворањето на III Конгрес на геолозите на Македонија






**Фото 2 и 3.** Разгледување на рефератот „Рударски комплекс Казандол“